Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

НАСЛОВ: Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот

Скопје, ____ . ____ . *2013* година

ВОВЕД

I.Оцена на состојбите во областа на осигурувањето и причини за донесување на законот

Согласно Заклучокот од 158-та седница на Владата на Република Македонија се задолжуваат сите министерства да подготват измени на законите во нивна надлежност во насока на усогласување на законите со Законот за прекршоци.

За таа цел, се предлагаат измени и дополнувања на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот во насока на негово услогласување со новиот Закон за прекршоци. Измените и дополнувањата се во делот на уредување на постапките за спогодување и терминолошко усогласување на роковите за изрекување на забрана за вршење на професија, дејност или должност.

II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на закон

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот е со цел усогласување на постојниот закон со новиот Закон за прекршоци.

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се заснова врз истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основни решенија на предлог законот се:

- терминолошко усогласување на роковите за изрекување на забрана за вршење на должност, и
-уредување на постапката на спогодување.

III.Оцена на финансиските последици од предлогот на закон врз Буџетот и другите јавни финансиски средства

Донесувањето на овој закон нема да има импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV.Процена на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на нивното обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти

Спроведување на законот не повлекува обезбедување на финансиски средства, ниту повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V.Усогласеност на предлогот на закон со правото на европската унија

/

VI. Потреба од донесување на подзаконски акти врз основа на овој закон

/

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ

Член 1

Во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011 и 135/2011) во насловот пред членот 65-б и во членот 65-б зборот „посредување“ се заменува со зборот „спогодување“.

Член 2

Во членот 66 став (3) зборовите „15 дена“ се заменуваат со зборовите „најмалку три дена до најмногу 30 дена.“

Преодни и завршни одредби

Член 3

Прекршочните постапки и постапките по жалба против одлуките за прекршок на Прекршочниот орган кои се започнати до денот на отпочнувањето со примената на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011 и 135/2011), а ќе завршат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. /13).

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. Објаснување на содржината на одредбите на предлогот на законот

Измените и дополнувањата на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се во насока на усогласување на постојниот закон со Законот за прекршоци.

Со членот 1 од измената се врши терминолошко усогласување на постапката за спогодување која е уредена со Законот за прекршоци.

Со членот 2 се врши терминолошко усогласување на роковите за изрекување на забрана за вршење на должност на физичко лице, односно одговорно лице во друштвото за осигурување или Националното биро за осигурување.

Со членот 3 се пропишува одредба со која прекршочните постапки и постапките по жалба против одлуките за прекршок на Прекршочниот орган кои се започнати до денот на отпочнувањето со примената на Предлог законот ќе продолжат согласно со одредбите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011 и 135/2011), а ќе завршат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на Предлог законот.

Членот 4 го уредува отпочнувањето на примената на Предлог законот.

II. Меѓусебна поврзаност на решенијата содржани во предложените одредби

Одредбата која се предлага во Предлог законот е во меѓусебна поврзаност со одредбите од основниот закон.

III. Последици што ќе произлезат од предложените решенија

Со донесувањето на Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се постигнува целта за усогласување на постојниот закон со новиот Закон за прекршоци.

ИЗВОД ОДРЕДБИ

од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот што се изменуваат и дополнуваат

Посредување

Член 65-б

За прекршоците утврдени во член 66 од овој закон, овластените лица на Агенцијата за супервизија на осигурување, во рамки на своите овластувања, на сторителот на прекршокот му нудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги острани последиците од прекршокот на начин постапка утврдени во Законот за супервизија на осигурување.

Член 66

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на:

1) друштво за осигурување ако не склучи договор за задолжително осигурување согласно со членот 3 од овој закон;
2) друштво за осигурување ако не го склучи договорот за осигурување согласно со условите за осигурување и тарифите на премии кои се во сила на денот на склучувањето на договорот за осигурување согласно со членот 3 став (4) од овој закон;
3) друштво за осигурување и Националното биро за осигурување ако не прибираат, обработуваат, чуваат, користат и доставуваат податоци согласно со членот 7 на овој закон;
4) одговорно друштво за осигурување или негов овластен претставник ако во рок од три месеца од денот на поднесувањето на барањето за надомест на штета од лицето кое претрпело штета не дало понуда за надомест на штета, во случај ако одговорноста не е спорна и штетата била во целост обработена, согласно со членот 28 алинеја 1 од овој закон;
5) одговорно друштво за осигурување или негов овластен претставник ако во рок од три месеца од денот на поднесувањето на барањето за надомест на штета од лицето кое претрпело штета не дало одговор на барањето за надомест на штета, во случај одговорноста да е спорна или да не биде точно утврдена, односно доколку штетата не била во целост обработена, согласно со членот 28 алинеја 2 од овој закон;
6) друштво за осигурување ако не ги достави бараните податоци до Информацискиот центар во предвидениот рок согласно со членот 36 од овој закон;
7) друштво за осигурување ако примени стапка на премија спротивно на членот 46 од овој закон;
8) друштво за осигурување ако не уплати средства во Службата за надомест на штети согласно со членот 43 став (1) од овој закон;

9) Националното биро за осигурување ако не изготвува план за работа и не го доставува до Агенција за супервизија на осигурување согласно со членот 53 став (1)од овој закон;

10) Националното Биро за осигурување ако не води статистичка евиденција и врши статистичка обработка на статистичките податоците добиени од друштвата за осигурување согласно статистичките осигурителни стандарди и истите квартално не ги објавува на својата веб страна согласно член 52 став (1)точка 4) од овој закон;

11) друштвото за осигурување ако квартално не ги доставува статистичките податоци до Националното Биро за осигурување согласно член 52 став (2)од овој закон;

12) Националното Биро за осигурување ако не воспоставува и одржува централен систем за евиденција на штети од употреба на моторни возила согласно член 52 став (1) точка 5) од овој закон;

13) 13) друштвото за осигурување ако не внесува податоци во централниот систем за евиденција на штети од употреба на моторни возила согласно член 52 став (3)од овој закон и

14) друштво за осигурување ако не уплати средства во Гарантниот фонд согласно со членот 59 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 4.000 до 6.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршокот од став (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за осигурување или во Националното Биро за осигурување.

(3) Покрај парична казна за прекршоците од став (1) на овој член, ќе се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност на одговорното лице во друштвото за осигурување или Националното Биро за осигурување во траење од 15 дена.

(4) Надлежен орган за водење на прекршочна постапка и изрекување прекршочна санкција од став (1), (2) и (3) од овој член е Агенцијата за супервизија на осигурување.